Бр. 12-2842/27
22.11 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1, став 3 и став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст Државната комисија) постапувајќи по предмет оформен по допрен глас, на 24 -та седница одржана на ден 15 Ноември 2019 година ја донесе следната

### Одлука

Постапката на Државната комисија покрената по сопствена инцијатива, а врз основа на допрен глас од медиуми за злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на Христијан Мицкоски, во периодот 2015-2017 година кога како советник на премиерот на Владата на Република Македонија од областа на енергетиката, член на Надзорен одбор, а потоа и член на Управен одбор и Генерален директор на АД Електрани на Република Македонија влијаел при одлучувањето и избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 80 мали хидроелектрични централи, како и влијание при издавање на разни согласност за долготраен закуп на градежно земјиште, одобренија за градење и т.н. во корист на правното лице "МИНКА -ЕНЕРГОТЕК" ДОО Скопје, каде Христијан Мицкоски има сопственички интерес СЕ ЗАПИРА, поради непотврденост на наводите.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија нема елементи за натамошно надлежно постапување поради што предметот број 12-2842 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2842 од 2019 година е оформен по сопствена инцијатива на Државната комисија, согласно член 23 став 1 од ЗСКСИ, по допрен глас. Имено, од страна на медиуми, во јавноста изнесени се сомневања и наводи дека Христијан Мицкоски во периодот кога е именуван како советник на премиерот на Владата на Република Македонија од областа на енергетиката и член на Надзор одбор, а потоа и член на Управен одбор и Генерален директор на АД Електрани во периодот од 2015-2017 година, влијаел при одлучувањето и изборот на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 80 мали хидроелектрични централи на правното лице "МИНКА - ЕНЕРГОТЕК" ДОО Скопје, каде Христијан Мицковски има сопственички интерес. Исто така изнесени се сомневања во однос на злоупотреба на службената должност при обезбедувања на финансиски средства за изградба на малите хидроцентрали.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Во своето надлежно постапување, Државната Комисија презеде активности за утврдување на фактичка состојба така што од надлежните органи и институции: Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ, општина Пехчево, општина Берово, Министерство за транспорт и врски, Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, АД Електрани на Северна Македонија – Скопје, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ и од Секторот за води при Управата за животна средина, побара документација во насока на потврдување на изнесените наводи. Согласно член 26 од ЗСКСИ, Државната комисија го повика Христијан Мицкоски заради разјаснување на определени прашања, а во врска со донесување на одлука.

Од обезбедените документи и даденото објаснување, видно е дека во периодот на носење одлука за избор на најповолна понуда по Јавен повик за прибирање понуди за доделување на концесија за користење на вода за изградба на 80 мали хидроцентрали, Христијан Мицкоски немал никаков ангажман од страна на Владата на РМ, ниту пак имал некаква функција во АД ЕЛЕМ. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија на локација 321 и, 322 Клепаска река и 329- Брегалница на понудувачите Минка-ДА и Енерготек ДОО е донесена од страна на Владата на РМ на ден 07.08.2014 година кога истата е објавена и во Службен весник. Минка-ДА и Енерготек ДОО се единствени понудувачи за овие локации. Договорите за концесија се склучени на ден 04.05.2015 година. Што се однесува на регистрацијата на конзорциум, добивање дозвола за користење на води, добивање одобрение за градење, тоа се постапки чии рокови се јасно дефинирани со концесискиот договор и процедури од конкретни закони, а кои документи се обезбедени до јуни 2015 година. Христијан Мицкоски е именуван за советник на претседателот на Владата на РМ од областа на енергетиката на ден 15.04.2015 година, односно девет месеци по објавата на одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија. Како член на Надзорен одбор на АД ЕЛЕМ, Христијан Мицковски е назначен на 25.08.2015 година, една година по одлуката за избор на најповолна понуда, што укажува на тоа дека Христијан Мицкоски не бил во состојба да ја користи функцијата советник во Владата на РМ и член на НО како би се стекнал со некои права или користи. Понатаму, давањето согласност за долготраен закуп на градежно земјиште, согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа и договор за откуп на електрична енергија се акти кои исто така произлегуваат од постапки предвидени во конкретна законска регулатива и рокови предвидени со договорите за концесии и кои морале да бидат издадени и не зависат од неговата позиција.

Што се однесува до наводите за злоупотреба на службената должност при обезбедувања на финансиски средства за изградба на малите хидроцентрали, со самиот договор за концесија е предвидено концесионерот да обезбеди цврста финансиска конструкција, со приложување на банкарски гаранции. За таа цел од страна на концесионерот – конзорциумот "МИНКА -ЕНЕРГОТЕК ДОО" Скопје, склучен е долгорочен

МQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2842/27
22.11 год. 2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

кредит со деловна банка. Долгорочните обврски на "МИНКА -ЕНЕРГОТЕК ДОО" Скопје кон деловната банка се прикажани во финансиските извештаи и објаснувачките белешки што концесионерот ги има доставено до Регулаторната комисија за енергетика, а во согласност со обврските кои произлегуваат од обезбедените лиценци.

Во периодот од формирање на конзорциумот "МИНКА -ЕНЕРГОТЕК ДОО" Скопје, неколку пати настаната е промена во сопственичка структура на "Енерготек ДОО" во однос на капиталното учество на основачите, така што од 01.10.2019 година, Христијан Мицкоски воопшто не е сопственик на друштвото.

Врз основа на се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 15 Ноември 2019 година под бр. 12- 2842/27**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива

Катица Николовска, Член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk